РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
Бр.-Nr. 01-2362/3
04.07. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Управата за заштита на културното наследство

Скопје, јули 2024

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20), Директорот на Управата за заштита на културното наследство, на ден ________________.2024 донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Управата за заштита на културното наследство

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Управата за заштита на културното наследство бр.01-1127/1 од 21.03.2018 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Управата за заштита на културното наследство бр.01-1844/4 од 13.07.2023 година.

### Член 2

Во Делот II Организациони единици, во член 4 во точка 4.зборовите „Сектор за општи работи и за правна заштита" се заменуваат со зборовите 4. „Сектор за општи работи, финансии и правна заштита".

### Член 3

Во Делот II Организациони единици, во член 4 точка 5. Одделение за финансиски прашања станува точка 4.3 Одделение за финансиски прашања

### Член 4

Во Член 7 во делот III Делокруг на работа на организационите единици, точка 4 се менува и гласи:

4. СЕКТОР ЗА ОПШТИ РАБОТИ, ФИНАНСИИ И ПРАВНА ЗАШТИТА

Во **Секторот** се вршат работи што се однесуваат на поддршка на работата на Директорот, општите работи во доменот на работата на Управата, правните работи во доменот на работата на Секторот и на Директорот на Управата, презентација на културното наследство, правната заштита на културното наследство, архивски и стручно-административни работи, работи од областа на финансиските прашања и работи кои се однесуваат на обезбедување, управување, координација и реализација на средства од домашни и странски извори и фондови.

Работите во Секторот се вршат преку: 4.1 Одделение за правна заштита и 4.2 Одделение за архивски и стручно-административни работи и 4.3 Одделение за финансиски прашања.

**Член 5**

Во Член 7 во делот III Делокруг на работа на организационите единици, се додава нова точка 4.3 и гласи:

4.3 Во **Одделението за финансиски прашања** се вршат работи што се однесуваат на следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење, подготовка на буџетот на Управата и неговата измена и дополнување; следење на извршувањето на буџетот на Управата; контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување; управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата утврдени со буџетот; изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Управата; изготвување на финансиски план за извршување на буџетот; сметководствено евидентирање на извршување на буџетот и подготвување на годишна сметка; подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација; пресметување и исплата на платите на вработените во Управата; изготвување на годишен план за јавни набавки и следење на нивната реализација; давање мислења по предлог активности што ги изготвуваат другите организациони единици на субјектот и предлогот на акти на други субјекти кои имаат и може да имаат финансиски импликации за буџетот на Управата; изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот и други финансиски работи.

**Член 6**

Согласно извршените измени на Правилникот за внатрешна организација се прават промени и во графичкиот приказ (органограм).

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 01-2367/3
04.07.2024

в.д. Директор
*м-р Зоран Павлов*